**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР**
**GJYKATA E APELIT GOSTIVAR**

Ул. Живко Брајковски бр.1, 1230 Гостивар / тел: 042-221-544 /info@asgostivar.mk
Rr. Zhivko Brajkovski nr.1, 1230 Gostivar / tel: 042-221-544 / info@asgostivar.mk

**СПИ.бр.1/24**

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.М“ бр.101 од 22.05.2019 год.) Апелациониот суд Гостивар ул.„Живко Брајкоски“ бр.1, тел. 042/221-544, факс 042/221-545, info@asgostivar.mk, како имател на информации, преку службеното лице Александар Дуроски- Раководител на судско одделение за односи со јавноста и аналитика, го подготви следниот,

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 01.01.2023 до 31.12.2023)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации; **Александар Дуроски- Раководител на судско одделение за односи со јавноста и аналитика.**

2. Број на примени барања; **5 (пет)**

3. Број на позитивно одговорени барања; **4 (четири)**

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање; **1 (едно)**

**Бараната информација**, **не е информација од јавен карактер, бидејќи истата не е информација што ја создал или со која располага Имателот на информацијата во било која форма, ниту пак е информација која настанала согласно надлежностите кои ги има Апелациониот суд Гостивар, согласно Законот за судовите и другите позитивни законски прописи. Од друга страна со бараната информација за листинг на телефонски разговори од службениот телефон на Претседателот на Апелациониот суд Гостивар за периодот јануари 2021 година до декември 2022 година се навлегува во комуникациската приватност на корисникот на службениот телефон, со оглед дека телефонските повици претставуваат дел од приватниот живот на Претседателот на Апелациониот суд Гостивар, со основна цел за користење на службениот телефон во функција на обезбедување побрза и полесна комуникација со останатите вработени заради завршувањена предметите во законски предвидените рокови, а ваботените може да ги користат службените телефони и за приватни цели, со оглед на тоа**

**што не се поставени никакви ограничувања за нивната комуникација, од кое нешто произлегува и правото на приватност а воедно во случајов износот на фактурата за користење на службениот телефон е информација од јавен карактер, но не и листингот на телефонските разговори. Од друга страна во случајов се работи за барања упатени кон конкретни физички лица на кои со објавување на податокот што се бара може да се наштети на честа и угледот, не само на нивниот, туку и на трети лица, поради што до одбивањњето на пристапот до бараната информација, последиците врз интересот кој се заштитува, се поголеми од јавниот интерес.**

5. Број на неодговорени барања **-/-**

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација); **1 (една)**

**Решение на Апелациониот суд Гостивар СПИ.бр.2/23 од 13.01.2023 год.**

**Барањето е одбиено согласно чл.6 ст.1 ал.2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бидејќи истата не е информација што ја создал или со која располага Имателот на информацијата во било која форма, ниту пак е информација која настанала согласно надлежностите кои ги има Апелациониот суд Гостивар, согласно Законот за судовите и другите позитивни законски прописи.**

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата; **-/-**

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата **-/-**

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање **1 (една)**

**Жалбата на барателот на информацијата од јавен карактер е одбиена со решение на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-55 од 06.02.2023 год., бидејќи со бараната информација за листинг на телефонски разговори од службениот телефон на Претседателот на Апелациониот суд Гостивар за периодот јануари 2021 година до декември 2022 година се навлегува во комуникациската приватност на корисникот на службениот телефон, со оглед дека телефонските повици претставуваат дел од приватниот живот на Претседателот на Апелациониот суд Гостивар, со основна цел за користење на службениот телефон во функција на обезбедување побрза и полесна комуникација со останатите вработени заради завршувањена предметите во законски предвидените рокови, а ваботените може да ги користат службените телефони и за приватни цели, со оглед на тоа што не се поставени никакви ограничувања за нивната комуникација, од кое нешто произлегува и правото на приватност а воедно во случајов износот на фактурата за користење на службениот телефон е информација од јавен карактер, но не и листингот на телефонските разговори. Од друга страна во случајов се работи за барања упатени кон конкретни физички лица на кои со објавување на податокот што се бара може да се наштети на честа и угледот, не само на нивниот, туку и на трети лица, поради што до одбивањњето на**

**пристапот до бараната информација, последиците врз интересот кој се заштитува, се поголеми од јавниот интерес.**

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање **-/-**

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**Гостивар,**
**02.01.2024 година**

**Имател на информации**
**Апелационен суд Гостивар**

**Службено лице**
**Александар Дуроски**